Радио Слободна Европа

МАКЕДОНИЈА

# „Вечерите на женски права“ со повик за родова еднаквост во сите сфери на животот

март 05, 2020

Љупчо Јолевски

**Од 6 до 12 март, во МКЦ и во Кинотека, под глобалната тема „Јас сум Генерација Еднаквост – остварување на женските права за еднаква иднина!“, ќе се одржат 11-те „Вечерите на женски права“, настанот кој нуди културна алтернатива на прославувањето на Меѓународниот ден на жената – 8ми Март.**

Замислена како поинаква, како културна алтернатива на прославувањето на Меѓународниот ден на жената – 8ми Март, на Скопје и генерално на македонската јавна сцена, како и во изминатата декада, ќе и се случат „Вечерите на женски права“ настанот зад кој со својот организациски габарит овојпат застанаа Град Скопје, Универзитетот за аудио-визуелни уметности ЕФТА, Институтот за родови студии при Филозофскиот факултет од Скопје и Телото на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените – UN Women.

Ова подразбира дека, во периодот од 6 до 12 март, во Младински културен центар и во Кинотека, под глобалната тема „Јас сум Генерација Еднаквост – остварување на женските права за еднаква иднина!“, ќе се одржат низа содржини кои најдиректно ќе проговорат за положбата на жената во нашето општество и генерално во времето во кое живееме.

Така, в петок на 6 март, во 19 часот, во фоајето и во Галеријата на МКЦ паралелно ќе бидат отворени две изложби – едната на студентска фотографија насловена како „Кршење на обрасците“, а другата ликовна со меѓународно учество. И, кога сме веќе тука да кажеме дека во случајов кураторката и познатата македонска уметница Шќипе Мехмети за поставката насловена како „Будење“ одбра дела на Периен Кристиан од Велика Британија, Сандрин Бридиер од Франција, Србинката Драгана Заревац, Гордана Квајо од Хрватска, Татиана Коцмур и Лиза Шименц од Словенија, Романката Александра Санд и нашите Кристина Божурска, Ана Лазаревска, Гента Спахиу Мирзо и Ана Ивановска.